Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, јануари 2016 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година и број 01-7191/18 од 23.11.2015 година и тоа:

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, Во точка 2. Сектор за трезор, во потточка 2.7. Одделение за регионално трезорско работење, по работното место со реден број „89. Советник за прием и обработка на документација во трезорски канцеларии", се додава ново работно место 89-а кое гласи:

| | |
|---|---|
| 2.Сектор за трезор | |
| 2.7. Одделение за регионално трезорско работење | |
| Реден број | 89-а |
| Шифра | УПР0101В03000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | Соработник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии |
| Број на извршители | Кочани - 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |
| Вид на образование | економски науки или организациони науки и управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Учествува во правилна и навремена обработка на барањата за плаќање на буџетските корисници |
| Работни задачи и обврски | – учествува во извршување на сите работи кои се однесуваат на прием, проверка и обработка на барањата за плаќање и обврски од буџетските корисници;<br>– врши внес на барања за плаќања поднесени од буџетските корисници во трезорскиот систем;<br>– печатење на изводи за прометот и состојбата на сметките на буџетските корисници;<br>– остварува редовна комуникација со буџетски корисници за прашања од областа на платниот |

| | |
|---|---|
| | промет;<br>– врши проверка на доставена документација за промена на картони за депонирани потписи и отворање на сметки на буџетските корисници;<br>– обезбедува уредно чување и архивирање на применета документација. |

Во точка 2. Сектор за трезор, во потточка 2.7. Одделение за регионално трезорско работење, во работното место со реден број „91. Самостоен референт за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии", во делот Број на извршители, бројот „33" се заменува со бројот „34", а по зборовите „Охрид - 1" се додаваат зборовите „Делчево - 1".

Во точка 10. Сектор за информатика, во потточка 10.2 Одделение за информатика-ИТ инфраструктура, во работното место со реден број „286. Помлад соработник за мрежна администрација и ИТ сигурност", во делот Број на извршители, бројот „3" се заменува со бројот „4".

Во делот Орган во состав, Управа за имотно правни работи, во точка 3.Сектор за управна постапка, Подрачни одделенија за првостепена управна постапка, во Подрачно одделение за првостепена управна постапка – ТЕТОВО, во работното место со реден број „640. Помлад соработник за првостепена управна постапка", во делот Број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „3", а во делот Вид на образование, по зборовите „правни студии" се додаваат зборовите „или јавна управа и администрација".

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 496/1
13. JAN 2016 година
СКОПЈЕ

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил: Александра Лулкоска
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итик
Согласен: Игор Димитров